**НАЦРТ**

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24") член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на 3-та седница одржана на _.11. 2025 година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ВО ОБЛАСТА**
**НА СПОРТОТ ВО 2026 ГОДИНА**

## I ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот;
- Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативни активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот;
- Афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности;
- Афирмација на сите спортски клубови и поединци кои постигнуваат успех во државата и надовор од неа.

## II АКТИВНОСТИ

За реализација на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и го афирмираат Велес во државата и надвор од неа, како и за развој и поддршка на спортовите во подем.

| | Програма за активностите на Општина Велес<br>во областа на спортот за 2026 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | **1.895.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на спортски турнири и натпревари | 300.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на активности на Железничко спортско друштво Боречки клуб ЖБК-Борец, Велес за организирање на меѓународен меморијален турнир во борење за јуниори и пионери „Коцев Љубомир – Листон 2026” | 50.000,00 |
| 1.3. | Фудбалски турнир во рамки на одбележување на 5 јуни, Света Троица, с. Иванковци, Велес | 30.000,00 |
| 1.4. | Поддршка на активности на Спортско здружение „Спортски игри” за организација на Велешки Спортски игри 2026 | 300.000,00 |
| 1.5. | Поддршка на активности на Здружение на рекреативни риболовци и спортски клуб „Металург”, Велес за организација на Меѓународен куп во јадица на пливка „Цветници” 2026 | 30.000,00 |
| 1.6. | Поддршка на активности на Младински велосипедски клуб „Велес”, Велес, за организација на меѓународна велосипедска трка „Трофеј" 2026 | 60.000,00 |
| 1.7. | Поддршка на активности на Тениски клуб „Борец“, Велес за организација на Отворено првенство на Македонија во тенис „Велес опен 2026” | 60.000,00 |
| 1.8. | Поддршка на активности на Здружение за еколошко одржување на водите „Башино село”, Башино село, Велес за организирање на турнир во мал фудбал „Илинден” 2026 во Башино село | 30.000,00 |
| 1.9. | Поддршка на активности на Фудбалски клуб „Превалец”, Велес за организација на турнир во голем фудбал за млади категории по повод Голема Богородица, Превалец, Велес | 30.000,00 |
| 1.10. | Поддршка на активности на Здружение на спортски риболовци „Бабуна”, Велес за организација на 46. Куп во лов на јадица со пливка „Бабуна 2026” | 30.000,00 |
| 1.11. | Поддршка на активности на ЗГ Кошаркарски клуб „Борец - ветерани”, Велес за организација на 17. Меморијален кошаркарски турнир | 30.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.12. | Поддршка на активности на Здружение на Спортско рекреативен риболовен клуб „Кркушка”, Велес за организација на 14. Меѓународен куп натпревар во риболов на пливка | 30.000,00 |
| 1.13. | Поддршка на активности на ЗГ Фудбалски клуб „Горски”, Велес за организација на ревијален фудбалски натпревар | 15.000,00 |
| 1.14. | Поддршка на Извиднички одред „Димитар Влахов”, Велес за организирање на Вардарска регата „Гемиџии“ 2026 | 200.000,00 |
| 1.15. | Поддршка на Здружение на граѓани Атлетски клуб „Борец”, Велес за организација на атлетска трка | 300.000,00 |
| 1.16. | Поддршка на Сојуз на спортови на Велес за организација на манифестацијата „Избор на најдобар спортист и спортска екипа” за 2026 година | 150.000,00 |
| 1.17. | Поддршка на Здружение на граѓани Мото клуб „Мото Велес” за организација на ендуро-трка | 50.000,00 |
| 1.18. | Поддршка на активности на Здружение на спортски ветерани, Велес за организација на турнир на ракометни ветерани „Велес 2026” по повод 9 Ноември, Денот на Општина Велес | 50.000,00 |
| 1.19 | Меморијален турнир во тенис „Трајче Црвенпанов-Црвен“ | 50.000,00 |
| 1.20 | Меморијален турнир во мал фудбал „Гоце Коцевски“ | 50.000,00 |
| 1.21 | Турнир во мал фудбал во с. Горно Оризари | 50.000,00 |
| **2** | **ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ СОЈУЗИ** | **460.000,00** |
| 2.1 | Поддршка Сојуз на училишни спортови | 100.000,00 |
| 2.2 | Поддршка на општински фудбалски сојуз | 300.000,00 |
| 2.3 | Организирање и учество на општински, регионални и државни првенства на инвалидизирани лица | 60.000,00 |
| **3** | **ПОДДРШКА НА СПОРТОТ ВО ГРАДОТ** | **5.300.000,00** |
| 3.1 | Поддршка на квалитетен спорт - надомест за користење на спортски објекти | 1.750.000,00 |
| 3.2 | Поддршка на младински екипи - надомест за користење на спортски објекти | 400.000,00 |
| 3.3 | ГОК „Борец”, Велес | 400.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.4 | Кошаркарски клуб „Борец – Баскет”, Велес | 300.000,00 |
| 3.6 | ФК „Борец 1919”, Велес | 600.000,00 |
| 3.7 | ЖФК „Борец“ Велес | 300.000,00 |
| 3.7 | ЗГ Одбојкарски клуб „Борец ветерани” | 50.000,00 |
| 3.8 | Поддршка на спортисти за учество на балкански, европски и светски првенства и олимписки игри | 300.000,00 |
| 3.9 | Поддршка и тековно одржување на спортска сала „Гемиџии” | 1.200.000,00 |
| **4** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **16.329.338,00** |
| 4.1 | Основен проект за реконструкција на спортска сала „Гемиџии“ - општина Велес - ФАЗА 1 | 16.329.338,00 |
| **ВКУПНО** | | **23.984.338,00** |

**III ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес од соодветни спортски сојузи во државата, од Министерството за спорт, од спонзорства и донации.

**IV ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства, Општина Велес спортските манифестации ќе ги помага и со:

- Почесно покровителство;
- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за промовирање на здравиот начин на живот;
- Организирање анкети за да се утврди јавниот интерес и да се насочат сферите на делување на општината.

**V ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес” и ќе биде ставена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

## О б р а з л о ж е н и е

Нацрт-програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот во 2026 година претставува континуитет од Програмата за 2025 година. Нацрт-документот е првично планирање на активностите во оваа област, а конечната Предлог-програма ќе ги содржи во себе и забелешки, сугестии и насоки што ќе произлезат од Советот на Општина Велес и јавните расправи со институциите, граѓанските организации и месните и урбани заедници.

Општина Велес во континуитет создава услови за спроведување на активностите на спортските здруженија и клубови, со што се придонесува кон збогатување на спортско-рекреативниот живот во градот за сите спортисти, рекреативци и љубители на спортот.

Во координација на различните сојузи и спортски здруженија, Општина Велес создава услови за реализирање на спортско-рекреативни активности и содржини од областа на спортот. Преку реализацијата на своите активности, поединците, спортските здруженија и клубови вршат афирмација на градот и општината, на локално, национално и интернационално ниво.

Точката инвестиции е предвидена согласно развојните програми за сите одобрени проекти и нивната двегодишна реализација. Имено, од страна на Општина Велес беа доставени апликации до Влада на Република Северна Македонија за финансирање на следните проекти:

-Реконструкција на патен правец Отовица,- Сујаклари и Велес- Дурутовец-Чалошево

-Реализација на проекти за реконструкција на влезови во села (Башино село, Иванковци, Караслари и Мамутчево) ,

- Реализација на проекти за реконструкција на локална патна мрежа во градот и тоа: реконструкција на улица Белградска втора фаза, реконструкција на дел од ул.Алексо Демниевски, реконструкција на ул.Васил Главинов, потпорен ѕид на ул.Васил Главинов зад Благој Ѓорев, реконструкција на Васил Ѓоргов и реконструкција на ул.11 Октомври.

-Реализација на проект реконструкција на постоечка фасада на ССУ Димитрија Чуповски.

-Реализација на проект за реконструкција на противпожарен дом во Велес (со зграда 2 и партер пред згради).

-Реализација на проект за реконструкција на Спортска сала Гемиџии- прва Фаза

-Реализација на објект катната гаража втора фаза и партерно уредување на просторот над скривницата.

Сите проекти се одобрени од Влада на Република Северна Македонија, „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.135/25 ) и тоа со:

- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на спортот за 2025 година бр.50-6213/10 од 01.07.2025 година.
- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на образованието и науката за 2025 година бр.50-6245/16 од 01.07.2025 година.

- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на културата за 2025 година бр.50-6255/7 од 01.07.2025 година.
- Одлука за користење на средства за капитални дотации до единиците на локалната самоуправа за инфраструктурни проекти од областа на транспортот за 2025 година бр.50-6266/6 од 01.07.2025 година.